Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**

**од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2021 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Сузана Никодијевиќ, раководител на сектор во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Дејан Павловски, нотар.

Од седницата отсуствуваше м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 10-та седница на Владата, одржана на 18 февруари 2020 година

1. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје, за периодот јули-септември 2021 година

2. Правилник за стандарди за акредитација на ординации од примарна здравствена заштита, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница Велес)

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Општа болница Струмица)

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“

8. Одлука за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2022 година, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, за 2022 година

10. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година

11. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година на АД ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

12. Предлог-одлука за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

13. Информација за доставено Барање од Макпетрол АД Скопје за спроведување на инвестициона активност во туѓ стопански двор

14. Информација за обезбедување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Стратешки зелен инвестициски фонд

15. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со предлог заклучоци за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките индустриски развојни зони

16. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист број 15661 КО Струмица) и Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист број 56896 КО Струмица)

17. Информација за состојбата со извршувањето на правосилна пресуда XIX. К.бр.1459/17 од 20.7.2018 година на Основниот кривичен суд, потврдена со пресуда КЖ-1026/18 од 11.3.2019 година

18. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија У.бр.106/21 (КО Маџари)

19. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

20. Предлог-закон за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка

21. Информација за доставено Барање број 11-9297/1 од 8.10.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски

22. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2021 година

23. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

24. Информација за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures)"

25. Предлог-закон за ратификација на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово

26. Информација за изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1000 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма

28. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза

29. Информација за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија

30. Информација за намера за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата - Зајакнато истурено присуство (eFP - enhanced Forward Presence) во Латвија, со усогласен текст на Техничкиот аранжман и текст на Пристапна нота (ПН)

31. Информација за обезбедување на информации за стратегискиот проект „Охридско Езеро-поврзување на две земји кон една дестинација“

32. Информација со Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество и Акциски план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024 година)

33. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2021 година

34. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инжинерство за заштита на животна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение

35. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по ,,Машинство“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

36. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

37. Информација за воведување на нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното и средното образование во 2022 година, со Модел за воведување на нови формули за финансирање на основно и средно образование

38. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца-Детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, со Предлог-одлука

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2021 година

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2021 година

41. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2021 година

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2021 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата „Здравје за сите“ за 2021 година

44. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2021 година

45. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Меѓународната фондација „Тоше Проески“-Крушево

46. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 258/20), поднесено од пратеникот Маја Морачанин

47. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.27/2020 и У.бр.289/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 годишна возраст“ од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019), донесено на седницата одржана на 17.11.2021 година

48. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Европски Универзитет-Скопје

49. Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.3904 за КО Ѓорче Петров 4 -Влае на КП бр.8058, Викано место/улица Мраморец

50. Понуда од нотар Љубица Стефкова-Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2058 за КО Бардовци, на КП бр.1534, викано место/улица Село (од лицето Драган Петрушевски)

51. Понуда од нотар Љубица Стефкова-Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2058 за КО Бардовци, КП бр.1534, викано место/улица Село (од лицето Горан Петрушевски)

52. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.483, за КО Бардовци, на КП бр. 1823, Викано место/улица Шамак

53. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот – земјиште кое претставува 1130/1742 идеален дел од КП бр.1824, КО Бардовци, викано место/улица Шамак, со Имотен лист бр.1509

54. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91031 за КО Охрид 4, КП бр.5438/5, КП бр.5575/3 и КП бр.6417/11, викано место/улица Беј Бунар

55. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.20290, за КО Штип - 5, на КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2, викано место/ улица Гладно Поле

56. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Заклучокот за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 декември 2021 година, доставен под бр. И.бр. 873/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2079, КП бр.853/1 за КО Злокуќани

57. Известување од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за Втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 30 декември 2021 година, доставена под И.бр.1275/2017

58. Иницијатива од Стефчо Костов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 146 ставови 2 и 3 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15)

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

61. Информација за Патоказот за истражувачката инфраструктура на Република Северна Македонија, со текст на Патоказ

62. Информација за отворање на нова дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во Општина Арачиново

63. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули-септември 2021 година

64. Информација со Полугодишен извештај за реализирани активности (јануари-јуни 2021 година) од Националната стратегија за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам

65. Информација за потребата од обезбедување на телекомуникациски сервиси за Е-112 системот

66. Информација за спроведување на проектот „Ромски информативни центри“ од Стратегијата за Роми во Министерството за труд и социјална политика, за периодот јануари-декември 2021 година

67. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2021 година

68. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година

69. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

70. Информација за издавање на Измена на гаранцијата бр. 02-751-0004180.3 издадена по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19, преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19, со Предлог-текст на измена на гаранција и Анекс кон Договорот

71. Информација за состојбата со вработен стручен кадар во националните установи надлежни за заштитата на културното наследство и потребата од вработување на стручен кадар во овие институции за 2022, 2023 и 2024 година

72. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година

73. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2021 година

74. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година

75. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

76. Информација со предлог за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, со Писмо за понуда и прифаќање

77. Информација за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави

78. Предлог-одлука за одобрување средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

79. Информација за спроведување на Законот за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 214/2019)

80. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“-Скопје и одобрување на динамика на плаќање

81. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на КАРИЛ-Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување

82. Информација за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање

83. Информација за доставување на Проект за основање на нова единица „Факултет за здравствени науки“ при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високото образование, доставен од страна на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

84. Материјал во врска со реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Дамко енерџи С.А. бр. 08-1318/1 од 31.3.2021 година и Меморандум за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. бр. 08-1317/1 од 31.3.2021 година, со Предлог-одлука

85. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект

86. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година

87. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности

88. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 февруари 2020 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи за некоја од наредните седници разгледувањето на Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ АД Скопје, за периодот јули-септември 2021 година, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди мислења по материјалот од Надзорниот одбор и Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го разгледа Правилникот за стандарди за акредитација на ординации од примарна здравствена заштита, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за стандарди за акредитација на ординациите од примарна здравствена заштита, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип, за некоја од наредните седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави нова Одлука од Одборот на директори усогласена со Секретаријатот за законодавство, како и Општина Штип да достави нова Предлог-одлука усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цената за објавување на огласи, акти и неважечки документи во службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2022 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2022 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година на АД ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање од Макпетрол АД Скопје за спроведување на инвестициона активност во туѓ стопански двор и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да покрене постапка за упис на сопственоста на складот и објектите во складот во с.Здуње во Гостивар, КП 159 дел 1 КО Здуње, во корист на Република Северна Македонија.

По завршување на постапката и уписот на складот во сопственост на Република Северна Македонија, предлагачот повторно да достави информација за давање согласност за бараната инвестициона активност.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за Стратешки зелен инвестициски фонд и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да продолжи со активностите за формирање на Стратешкиот зелен инвестициски фонд.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година да обезбеди средства во износ од 100.000.000,00 денари за основачки влог за Стратешкиот зелен инвестициски фонд.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со предлог заклучоци за итно постапување на институциите за непречена реализација на инвестиции во технолошките индустриски развојни зони и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони континуирано да ја известува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за потребите на компаниите во технолошките индустриски развојни зони за кои е потребно итно постапување за издавање на одобрување за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 од Законот за вработување и работа на странци.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да достави копија од ова известување до компанијата Дура, како и други засегнати компании во технолошките индустриски и развојни зони, а со цел непречено реализација на работите предвидени со член 13, став 1, точка 1 од Законот за вработување и работи на странци.

3. Се задолжуваат Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и останати институции вклучени (по потреба) во постапката итно да постапат по доставените барања за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 од Законот за вработување и работа на странци, а за компаниите кои вршат дејност во технолошките индустриски развојни зони.

4. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за сите евентуални отворени прашања во постапките за регистрација на лица за вршење на работа согласно член 13, став 1 да обезбедат информации/мислење од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од апсект на текот на постапките за реализација на предвидени инвестиции (набавка и инсталација на опрема) на компаниите во технолошките индустриски развојни зони.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во рок од 15 дена, да изврши соодветна измена на Правилникот за постапка за регистрација и за завршување на работа која ја вршат странци, заради утврдување на рок во кој треба да се постапува при издавање на одобрение за потврда за работа за странци.

## Точка 16

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист број 15661 КО Струмица) и Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист број 56896 КО Струмица), по изборот на новата Влада, а во меѓувреме да се извршат дополнителни усогласувања.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата со извршувањето на правосилна пресуда XIX. К.бр.1459/17 од 20.7.2018 година на Основниот кривичен суд, потврдена со пресуда КЖ-1026/18 од 11.3.2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 18

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија У.бр.106/21 (КО Маџари) за наредната седница на Владата, поради потребата да биде прибавена потврда од Министерството за транспорт и врски дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 19

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи и условно го утврди како Предлог-закон за платежни услуги и платни системи, кој се донесува по скратена постапка со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања, како и во однос на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и кореспондентните табели.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерсвото за финансии.

Исто така, се укажува со овој закон истовремено да бидат изменети и Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-9297/1 од 8.10.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта-Скопје кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на ден 21.7.2021 година, по двата договори за обезбедување на државна гаранција број 14-10754/2 од 24.6.2014 година и број 14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по договорите за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Миладиновци – Штип“ и „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево – Охрид“ склучени помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавно претпријатие за државни патишта-Скопје, со рок на враќање од 7 години (84 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од една година, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.10.2022 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на денот на склучување на Договорот.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.
2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот, во соработка со Министерството за транспорт и врски и работната група за изработка на урбанистички план за крајбрежјето на Охридското Езеро, во рок од 3 дена, да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион.

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион, во рок од 120 дена, да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

4. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности при изработувањето на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот Регион, покрај плански опфат од заклучокот бр.3 да изврши ажурирање и на сите делови од КП бр. 1/1, КО Охридско Езеро кои не се опфатени со водното тело.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures)", за наредна седница на Владата, откако претходно истатата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да достави нов текст на информација ажуриран со нови податоци, согласно укажувањето на Министерството за финансии.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Беким Хаџиу, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информација за изработка на стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, со Предлог-стратегија за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да започнат процес на консултација и презентација на Стратегијата за унапредување на човечкиот капитал во Република Северна Македонија со заинтересираните страни, најдоцна до крајот на првиот квартал на 2022 година.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1000 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка британска, американска и канадска виза, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите мерки и активности потребни за успешна реализација на процесот на рефлексија со цел дефинирање на Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана, кој ќе се реализира во пет фази и тоа:
- Фаза 1: „Административно организирање на процесот“, која ќе заврши до 31.12.2021 година.
- Фаза 2: „Разгледување и утврдување на рамките на Одбраната како членка на Северноатлантската алијанса“, која ќе заврши до 31.3.2022 година.
- Фаза 3: „Критично разгледување на потребите на Планот за одбрана“, која ќе заврши до 30.6.2022 година.
- Фаза 4: „Дефинирање и утврдување на Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана“, која ќе заврши до 30.9.2022 година.
- Фаза 5: „Реализација на Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана“, која ќе заврши до 30.6.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата, најдоцна до 31.12.2023 година, за постигнатиот напредок во однос на преземените мерки и активности потребни за успешна реализација на процесот на рефлексија со цел дефинирање на Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за намера за учество на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата - Зајакнато истурено присуство (eFP - enhanced Forward Presence) во Латвија, со усогласен текст на Техничкиот аранжман и текст на Пристапна нота (ПН) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Техничкиот аранжман помеѓу Министерството за одбрана на Република Словенија и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со логистичката поддршка за учество во спроведувањето на НАТО зајакнато истурено присуство (еФП) во Латвија.

2. Ја прифати Пристапната нота (ПН) за учество во поддршка на земја домаќин и други одговорности организирани во Република Латвија (ЗД) врзани со НАТО зајакнато истурено присуство во Латвија.

3. Се овластува генерал-мајор Зоран Милески, директор на Генералштабот на Армијата, да ги потпише Техничкиот аранжман помеѓу Министерството за одбрана на Република Словенија и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во врска со логистичката поддршка за учество во спроведувањето на НАТО зајакнато истурено присуство (еФП) во Латвија и Пристапната нота (ПН) за учество во поддршка на земја

домаќин и други одговорности организирани во Република Латвија (ЗД) врзани со НАТО зајакнато истурено присуство во Латвија.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на информации за стратегискиот проект „Охридско Езеро-поврзување на две земји кон една дестинација“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да предложи нова или измена на постојната „Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Поградец“, склучена во Охрид на 25 септември 1999 година и ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Поградец („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/05) која што ќе биде во насока на олеснување на патничкиот транспорт во Охридското Езеро во рок од 30 дена.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата со Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024 година) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои најновиот текст на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество.

2. Го усвои најновиот текст на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024 година).

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јули-септември 2021 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Комисијата за станбени прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, а се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од пет дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јули, август и септември 2021 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од пет дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за октомври, ноември и декември 2021 година, да ги доставаат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 20 јануари 2022 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инжинерство за заштита на животна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инжинерство за заштита на животна средина“ на Факултет за природни и технички науки, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по ,,Машинство“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по ,,Машинство“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Индустриско инженерство и менаџмент“ на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предложениот текст

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното и средното образование во 2022 година, со Модел за воведување на нови формули за финансирање на основно и средно образование и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да преземе активности за донесување на уредбите за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование и за средно образование по општини за 2022 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование 2022-2026 година што имаат за фискален ефект:

| **Фискален ефект по години за блок дотации за основно образование (БДО) по нова формула за финансирање** | **Износ** |
|---|---|
| Фискален ефект во 2022 година во однос на 2021 година – БДО | 440,997,000 |
| Фискален ефект во 2023 година во однос на 2022 година – БДО | 1,738,524,148 |
| Фискален ефект во 2024 година во однос на 2023 година - БДО | 1,365,673,782 |
| Фискален ефект во 2025 година во однос на 2024 година - БДО | 282,610,855 |
| Фискален ефект во 2026 година во однос на 2025 година - БДО | 241,549,771 |

| **Фискален ефект по години за блок дотации за средно образование (БДС) по нова формула за финансирање** | **Износ** |
|---|---|
| Фискален ефект во 2022 година во однос на 2021 година - БДС | 81,387,500 |
| Фискален ефект во 2023 година во однос на 2022 година - БДС | 284,340,869 |
| Фискален ефект во 2024 година во однос на 2023 година - БДС | 274,640,303 |
| Фискален ефект во 2025 година во однос на 2024 година - БДС | 250,350,780 |
| Фискален ефект во 2026 година во однос на 2025 година - БДС | 555,734,375 |

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во уредбите за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите по општини, да утврди распределба на блок дотациите по училишта во рамките на општините, според новите формули за финансирање на блок дотациите за основно и средно образование.

## Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца-детска градинка „Мајлс оф смајлс“-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца-Детска градинка ,,Мајлс оф смајлс“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата „Здравје за сите" за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Меѓународната фондација „Тоше Проески"-Крушево, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20), поднесено од пратеникот Маја Морачанин и притоа го утврди следново мислење:

Министерството за труд и социјална политика во насока на обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи го подготви Законот за спречување и заштита од дискриминација кој беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија во октомври 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20).

Со цел подобрување на законската регулатива и нејзино усогласување со овој закон, но и со правото на ЕУ и меѓународните стандарди во однос на заштитата од дискриминација, особено за остварување на Парииските принципи за овозможување на независно функционирање на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во новиот закон се додаде нов член за „буџетот на Комисијата“ кој го уредува начинот на финансирање на Комисијата.

Конкретно, во членот 15 став (2), а во врска со став (4) од овој закон се предвидува Комисијата да го подготвува и предлага буџетот согласно надлежностите кои произлегуваат од законските обврски, а Собранието да го утврди и гласа разделот наменет за Комисијата, следствено на тоа Комисијата користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени од Буџетот располага самостојно.
Самостојното располагање со буџетските средства на Комисијата се рефлектира на планирањето на расходите на начинот на нивното трошење.

Согласно член 22 од Законот за спречување и заштита од дискринминација вработените во стручната служба на Комисијата имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите во согласност со Законот за административни службеници. Во овој контекст, Комисијата треба да ги предвиди вработувањата во стручната служба според сопствените потреби во годишните планови за вработување согласно со закон.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии утврдува листа на корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, а сите буџетски корисници изготвуваат предлог-буџет кој го доставува до Министерството за финансии согласно со Законот за буџетите.

## Точка 47

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.27/2020 и У.бр.289/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44, став 2 во делот „најдоцна до 65 годишна возраст“ од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020 и 163/2021), донесено на седницата одржана на 17.11.2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е дадено овластување Републиката да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност

на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и да им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, да обезбеди посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другите државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22).

Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат првото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, да се стекне со овој надоместок на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Преку надоместокот заради попреченост, согласно член 44 од Законот за социјалната заштита, се има за цел да се обезбеди поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Според став 2 на оваа одредба, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65-годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. Со член 48, право на надоместок за помош и нега од друго лице може да оствари лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. При тоа, надоместокот заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице, меѓусебно не се исклучуваат.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашните прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, со членот 360 од овој закон, корисниците на постојана парична помош, додатокот на мобилност и слепило, додатокот за глувост и паричен надоместок за помош и нега од друго лице се преведуваат во соодветното право на парична помош од социјална заштита согласно со постојниот наод, оцена и мислење врз основа на кој е стекнато правото, до истекот на периодот за контролен преглед, додека со членот 363, лицата кои со решение на Центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користат право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласност со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето.

Лицето над 65-годишна возраст, заедно со неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, а кои немаат приход и имот од кој може да се издржуваат, остварува парично право во висина на месечен износ од 6.000 денари, како и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во висина од 1.000 денари месечно, за месеците од октомври до март, согласно Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19).

Реформта на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници. Имено, системот на социјалната заштита особено се насочува кон унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги. На овој начин се обезбедува интегрирана заштита, помош и поддршка на лицата со попреченост и нивно социјално вклучување во општеството.

Услугата помош и нега во домот обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е исто така дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Врз основа на наведеното, член 44, став 2 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, и со него се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Исто така, членот 44, став 2 од Законот за социјалната заштита е во согласност со членот 14 од Европска конвенција за заштита на човековите права, во однос на уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција и забраната на дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 44, став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21) е во согласност со член 8, став 1, алинеја 1, член 9, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 48**

Во текстот на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Европски Универзитет - Скопје, вградени се сите забелешки од Владата.

Со оглед на тоа, Владата нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутарната одлука.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.3904 за КО Ѓорче Петров 4 -Влае на КП бр.8058, Викано место/улица Мраморец и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 50

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова-Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2058 за КО Бардовци, на КП бр.1534, викано место/улица Село (од лицето Драган Петрушевски) и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 51

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова-Начевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2058 за КО Бардовци, КП бр.1534, викано место/улица Село (од лицето Горан Петрушевски) и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 52

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.483, за КО Бардовци, на КП бр. 1823, Викано место/улица Шамак и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот – земјиште кое претставува 1130/1742 идеален дел од КП бр.1824, КО Бардовци, викано место/улица Шамак, со Имотен лист бр.1509 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт и врски

## Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.91031 за КО Охрид 4, КП бр.5438/5, КП бр.5575/3 и КП бр.6417/11, викано место/улица Беј Бунар и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.20290, за КО Штип - 5, на КП бр.8726/2 и КП бр.8727/2, викано место/ улица Гладно Поле и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Заклучокот за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 декември 2021 година, доставен под бр. И.бр. 873/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2079, КП бр.853/1 за КО Злокуќани и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерство за транспорт и врски.

## Точка 57

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за Втора усна јавна продажба која ќе се одржи на 30 декември 2021 година, доставена под И.бр.1275/2017 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 58

Владата ја разгледа Иницијативата од Стефчо Костов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 146, ставови 2 и 3 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека имајќи ги предвид одредбите од член 146, ставови 2 и 3 од Законот за парничната постапка, со кои е дефинирано дека „Судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судска такса“ како и дека ако тужителот не ја плати судската такса во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на тужбата, се смета дека тужбата е повлечена“, смета дека тоа претставува повреда на членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија и на членот 6 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи.

Неосновани се наводите на подносителот дека наведените одредби се спротивни на Уставот од следните причини:

Оспорените ставови 2 и 3 на членот 146 не смее да се гледаат изолирано, туку само во контекст на целиот текст на Законот за парничната постапка, а особено на членот 163 од Законот, кој се однесува на ослободување од плаќање на трошоците на постапката. Притоа ставот 2 од членот 163 сосема јасно определува дека ослободувањето од плаќањето на трошоците меѓу другото се однесува и на плаќањето на таксата, секако за странките кои ќе ја докажат својата неможност да ги плаќаат судските трошоци.

Имајќи го предвид наведеното, а од друга страна тврдењето на подносителот на уставната иницијатива кои укажуваат на непознавање на парничната постапка, сосема е јасно дека со оспорените ставови (2) и (3) не се повредуваат правата од членот 9 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата го нема предвид фактот дека оспорените одредби не се нови законски решенија во правниот систем на државата, туку норми кои опстојуваат со децении во законските решенија кои ја уредуваат постапката пред судовите во граѓанските спорови. Па така истоветна е и одредбата на членот 141 во Законот за парничната постапка од 1998 година („Службен весник на Република Македонија бр.33/98).

Сосема е јасно дека тужителот во моментот кога поднесува тужба и го активира системот на државата, преку судската власт, да одлучува по некое негово субјективно, статусно, материјално, имотно, трговско или некое друго право од граѓанско правната сфера, истото не може да биде бесплатно во принцип и по правило, бидејќи на тој начин би се узурпирале паричните средства на преостанатите граѓани, кои исто така плаќаат даноци и други јавни давачки, а можеби никогаш нема да се впуштат во процес на иницирање на судска постапка. Токму затоа плаќањето на судските такси е прашање на законско регулирање и тоа со Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" бр.114/09, 148/11, 106/13, 166/14 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), преку кој државата ја регулира својата политика на прибирање на средства во државниот буџет (член 8). Притоа со членот 6 од тој закон е уредено прашањето за текот на постапката во услови на со неплатена или нецелосно платена судска такса, со членот 11 случаите на ослободувањето на граѓаните како таксени обврзници, од плаќање на судската такса, а со членовите од 12 до 17 постапката за ослободување од судска такса.

Притоа треба да се има предвид и стратешката определба на Владата на Република Северна Македонија определена со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, за обезбедување на пристап до правдата до секој граѓанин, заради што државата се определи за намалување на судската такса токму во делот на парничната постапка. Па така, со измените во Законот за судска такса од 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.257/20), максималната тарифа од претходно утврдените 48.000 се намали за осум пати и сега изнесува максимални 6.000 денари.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, сосема е јасно дека Законот за парничната постапка, целосно водел сметка да ги заштити основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, во рамки на еднаквост во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, ИМОТНАТА и општествената состојба.

Пристап до суд има секој без оглед на имотната состојба, судската такса е задолжителна, но постојат основи и постапка за ослободување од истата уредени со како со Законот за парнична постапка, така и со Законот за судски такси, дека оспорените одредби имаат многу децениска пракса на парничната постапка утврдена во законски решенија кои се носат со 2/3 мнозинство од пратениците согласно членот 98 од Уставот, поради што наведената одредба не е во спротивност со Уставот како што наведува подносителот на Иницијативата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 146, ставови (2) и (3) од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) и да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 59

1. Владата ја отповика Лилјана Капевска од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост.

2. Владата го отповика Владимир Талевски од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво ГА-МА Скопје.

3. Владата го отповика Вангел Андрески од должноста член на Одбор на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на негово барање.

4. Владата го отповика Фарук Мурати од должноста независен член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, на негово барање.

5. Владата дава претходна согласност на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој да го разреши Костадин Петров од должноста вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, на негово барање.

6. Владата ја разреши Марина Чочкова од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, на нејзино барање.

7. Владата заклучи врз основа на член 14-г став 9 од Законот за спорт да му предложи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на предлог - листата (Агенција за млади и спорт) Ѓорѓи Тасев да го разреши од должноста член на Централна комисија, на негово барање.

8. Владата го разреши Петар Узунов од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, поради истек на мандатот.

   8.1 Владата го именува Кирил Трпчески, претставник од Занаетчиската комора на Република Северна Македонија за член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните.

9. Владата го разреши Беким Мурати од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

10. Владата го именува Беким Мурати за вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

11. Владата ја именува Смиљка Тенева за член на Управниот одбор - претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови.

12. Владата го разреши Владо Атанасовски од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

    12.1. Владата ја именува Ангелина Јовановиќ за член на Управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна

Македонија, претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата.

13. Владата го разреши Дритан Имери од должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

14. Владата го именува Дритан Имери за вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

15. Владата го одложи од разгледување предлог - заклучокот за препораката до Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална Радиодифузија за именување на вршител на должноста директор.

16. Се препорачува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., да го разреши Беким Мемеди од должноста вршител на дожноста директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

17. Се препорачува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., за вршител на дожноста директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. да го именува Костадин Ацевски.

18. Се препорачува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., да го разреши Самка Ибраимовски од должноста вршител на должноста заменик-директор на Јавнното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

19. Се препорачува на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., да го именува Беким Мемеди за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

## Точка 60

**1**. Владата заклучи да ги информира институциите од извршната власт дека во следниот период, согласно Уставот и законите, Владата ќе продолжи да работи во полн состав и капацитет, притоа водејќи се од етичките аспекти, а одлучувањето за прашањата што не се од итна природа, ќе го одложи по изборот на следниот состав на Владата.

**2**. Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**3**. Владата го разгледа Барањето од Српскиот културен центар – Скопје за користење на салата на НУ Македонски народен театар, без надомест, на 27 јануари 2022 година, за свечена Светосавска академија, по повод „Денови на Свети Сава“- обележување на националниот ден на Србите во Македонија и ја задолжи НУ Македонски народен театар да му овозможи на Здружението Српски културен центар – Скопје користење на салата за прослава на празникот, на 27 јануари 2022 година, без надомест.

**4**. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 14 декември 2021 година до 20 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5**. Во врска со Заклучокот донесен на Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 мај 2021 година по точка 35-Информација за исполнување на обврските врз основа на Спогодбата за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија од 13.10.2007 година, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

> „2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рамките на сопствениот буџет за 2021 година да предвиди дополнителни финансиски средства во програма 30 – иселеништво, ставка 425 – договорни услуги во износ од 1.232.200,00 денари, кои ќе бидат употребени за поддршка на здружението на граѓани „Заедница на Хрвати во Република Северна Македонија“, со седиште на ул. Никола Парапунов 6б/8, Скопје, со ЕМБС: 5109400 и ЕДБ:4030996273289“.

**6**. Владата го одложи разгледувањето на Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука за некоја од наредните седници на Владата.

**7**. Владата по повод одбележувањето на годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Киро Глигоров заклучи:

- Владината делегација во состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, на 1 јануари 2022 година, во 12:00 часот на градските гробишта Бутел да положи венец од свежо цвеќе на вечното почивалиште на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија Киро Глигоров.

**8**. Владата го одложи од разгледување Барањето за склучување на договор за продажба на деловен простор и Понудата за купопродажба на деловен простор во Градски трговски центар, за некоја од наредните седници на Владата, по формирање на новиот состав на Владата на Република Северна Македонија.

**9**. Владата го разгледа Барањето од Општина Куманово за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија, на 24 ноември 2020 година, со цел искористување на наменските средства за реконструкција на Спортската сала Соколана во 2022 година, доставено од Агенција за млади и спорт и не даде согласност по истото.

**10**. Владата го разгледа Барањето од Секретаријатот за европски прашања за измена на заклучок, точка 11 од 125-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2021 година, доставено од Секретаријатот за европски прашања, под архивски број 08-131/39 од 20 декември 2021 година, го прифати Барањето и заклучи наместо „Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела“ да гласи „Владата заклучи Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија без кореспондентна табела.

**11**. Владата го разгледа дополнителното Барање на Државната изборна комисија за складирање на уредите за биометриска идентификација на гласачи, кои времено се складирани во просторија во Домот на Армијата на Република Северна Македонија Скопје и ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбедат простор за складирање на овие уреди и за предлог-решението да ја информираат Владата, најдоцна до 20 јануари 2022 година

**12.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 18 декември 2021 година до 24 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**13.** Владата по Барањето за изменување на Заклучокот од точка 61 Прашања и предлози од Нацрт-записникот од Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јули 2021 година по Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција и го прифати Барањето, односно наместо наведениот рок за реализација-декември 2021 година, да биде 31 мај 2022 година.

**14.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 21 декември 2021 година до 27 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**15.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со енергетската состојба во Република Северна Македонија како материјал за информирање.

**16.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 16 декември 2021 година до 22 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**17.** Владата го разгледа Барањето на Универзитетското студентско собрание при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за продолжување на работните часови на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје и препорачува на Град Скопје да го уважи Барањето за продолжување на работните часови на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје, заклучно со јануари 2022 година.

**18.** Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и инвестиции, а во врска со реализацијата на проектите-Терминал на течен природен гас Александропулос и Гасна централа Александропулос, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за ангажман на правен консултант со цел подготовка и склучување на договори со останатите партнери во делот на спроведување на овие проекти.

**19.** Владата го разгледа Барањето од Универзитетското студентско собрание при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје, за да се вратат бесплатните билети за превоз со воз за студентите, почнувајќи од јануари 2022 година и притоа ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД – Скопје да ја разгледаат можноста да се врати мерката бесплатни билети за превоз со воз за студенти од 2022 година.

**20.** Владата по Барањето на Министерството за финансии став од Владата во врска со доставениот Буџет на Општина Центар за 2022 година, потпишан од претседавачот на Советот заклучи донесените буџети и одлуки за проширување или пренамени на средства во буџетот на општините да може да се вчитуваат во трезорот на Министерството за финансии во услови кога општината нема избрано претседател на Советот, а донесената одлука е потпишана од претседавачот на Советот.

**21.** Владата го разгледа Барањето од Заедницата на единиците на локалната самоуправа –ЗЕЛС во врска со снабдувањето со електрична енергија и проблемите со кои се соочуваат дел од општините во државата и заклучи да препорача на сите општини да изнајдат поволно решение за набавка на електрична енергија во рамки на сопствените буџети, со цел избегнување на високите цени на истата.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за Патоказот за истражувачката инфраструктура на Република Северна Македонија, со текст на Патоказ како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на нова дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во Општина Арачиново, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во смисла средствата кои се потребни за функционирање на дисперзираната канцеларија во Арачиново потребно е да се обезбедат во рамки на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

## Точка 63

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули-септември 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата со Полугодишен извештај за реализирани активности (јануари-јуни 2021 година) од Националната стратегија за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација изготвената обука за интеркултурализмот, да ја вклучи во редовните годишни обуки кои се обврска на секој административен службеник.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на телекомуникациски сервиси за Е-112 системот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат телекомуникациските оператори Македонски телеком АД-Скопје и А1 Македонија, да ги активираат сервисите за Е-112, бесплатно за корисниците и за операторот (хостинг институцијата) за Е-112 системот, кој го хостира системот, во случајот Центарот за управување со кризи.

2. За сите неитни повици треба да биде овозможено бесплатно користење и хостирање кај операторот, за корисниците и за операторот (хостинг институцијата) за Е-112 системот кој ја има услугата за фиксна телефонија во Центарот за управување со кризи и тие броеви подолу наведени треба да бидат бесплатно доделени од Агенцијата за електронски комуникации и бесплатно хостирање на телеком операторот;

- 15090 резервиран за иден сервис интерно користење за Е-112 системот
- 15091 Единствен сервис 112 поврзан
- 15092 Полиција
- 15093 Пожарна
- 15094 Итна медицинска помош
- 15095 центар за управување со кризи
- 15096 резервиран за иден сервис интерно користење за Е-112 системот

- 15097 резервиран за иден сервис интерно користење за Е-112 системот
- 15098 резервиран за иден сервис интерно користење за Е-112 системот
- 15099 резервиран за иден сервис интерно користење за Е-112 системот

Овде единствено ќе бидат покриени оперативните трошоци од операторот (хостинг институцијата, Центарот за управување со кризи) за Е-112 системот према телекомуникациските оператори.

3. Операторите да обезбедат бесплатно препраќање на СМС пораките, за корисниците и за операторот (хостинг институцијата) за Е-112 системот, кои ќе бидат упатени до Е-112 системот од нивната мрежа. Секој оператор посебно ги препраќа СМС пораките до Е-112 системот.

4. Операторите да ја обезбедат бесплатно услугата на E-call, за корисниците и за операторот (хостинг институцијата) за Е-112 системот, кои ќе доаѓаат од автомобилите. Исто така, да обезбедат поделено доставување на автоматските E-call повици и повиците иницирани рачно од возачот преку E-call системот.

5. А1 Македонија и Македонски телеком АД-Скопје, задолжително да ги имплементираат двоцифрените суфикси, според локацијата за целите на препраќање на Е-112 повиците и тоа:

| **EA_NDC_SUFIX** | **EA_DESTINATION** | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Skopje | 40 | Strumica |
| 20 | Kumanovo | 41 | N.Selo |
| 21 | Kratovo | 42 | Valandovo |
| 22 | K. Palanka | 43 | Gevgelija |
| 23 | Tetovo | 44 | Bogdanci |
| 24 | Gostivar | 50 | Veles |
| 25 | Rankovce | 51 | Kavadarci |
| 26 | Lipkovo | 52 | Negotino |
| 30 | Stip | 60 | Ohrid |
| 31 | Sv.Nikole | 61 | Struga |
| 32 | Probistip | 62 | Debar |
| 33 | Kocani | 70 | Bitola |
| 34 | Vinica | 71 | D.Hisar |
| 35 | Delcevo | 72 | Resen |
| 36 | Mak. Kamenica | 80 | Prilep |
| 37 | Berovo | 81 | Krusevo |
| 38 | Pehcevo | 82 | Kicevo |
| 39 | Radovis | 83 | Mak.Brod |

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проектот „Ромски информативни центри“ од Стратегијата за Роми во Министерството за труд и социјална политика, за периодот јануари–декември 2021 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да продолжи со имплементирање на проектот „Ромски информативни центри“ во рамки на одобрениот буџет од Стратешкиот план во Програма 43, во согласност со Националната стратегија за Ромите во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да преземат активности за продолжување на процесот на изготвување на актите за систематизација и вработување на лицата/информатори за потребите на ромските информативни центри во центрите за социјална работа, најдоцна до крајот на јуни 2022 година.

## Точка 67

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 68

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 69

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на Измена на гаранцијата бр. 02-751-0004180.3 издадена по склучениот Договор за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19, преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19, со Предлог-текст на измена на гаранција и Анекс кон Договорот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на измената на Гаранцијата за продолжување на рокот на издадената гаранција на износ од 7.457.140 американски долари бр. 02-751-0004180.3, усогласен помеѓу Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE) како корисник на Гаранцијата и Владата на Република Северна Македонија, која измена ќе се издаде од страна на Комерцијална банка АД Скопје и го овласти министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче од име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише текстот на Измената на гаранцијата, како што е побарано за да се потврди согласност со Предлог-текстот на измената на гаранцијата.

2. Го прифати текстот на Анексот кон Договорот за издавање на девизна платива гаранција со својство на извршна исправа што ќе биде склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Комерцијална банка АД Скопје заради измена, продолжување на рокот на издадената гаранција бр. 02-751-0004180.3 и го овласти министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче од име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише овој анекс кон Договорот.

3. Се задолжува Министерството за здравство да побара од Комерцијална банка АД Скопје да продолжи да ја врши пресметката на провизијата тримесечно согласно доставената и прифатена понуда за пресметка на провизии, која изнесува 0,3% годишно на износот на гаранцијата, односно 0,075% тримесечно на износот на гаранцијата и истата ќе се пресметува тримесечно, антиципативно.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со вработен стручен кадар во националните установи надлежни за заштитата на културното наследство и потребата од вработување на стручен кадар во овие институции за 2022, 2023 и 2024 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Министерството за финансии и Министерството за култура во рамките на постојниот Буџет и можностите на ребалансот за 2022 година да се обезбедат неопходните согласности за пополнување на испразнетите работни места во националните установи од областа на заштитата на културното наследство.

2. Се задолжува Министерството за култура во буџетските циркулари за 2023 и 2024 година да предвиди финансиски средства во износ од по 18.989.838 денари во раздел 18010-Финансирање на дејностите од областа на културата за вработување на стручен кадар во националните установи од областа на заштитата на културното наследство.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година и ја донесе Програмата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2021 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година (нов текст-варијанта 1), во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, со Писмо за понуда и прифаќање и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа предлогот за продолжување со реализација на Договорот со Владата на САД за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија и го прифати Писмото за понуда и прифаќање на понудата (Letter of Offer and Acceptance-LOA) FMS Case MK-B-UCC A2 од 20 декември 2021 година.

2. Се овластува Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија, по информирањето на Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија, да го потпише амандманот/анексот MK-B-UCC A2 од 20 декември 2021 година на Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави со што ќе се смета дека меѓувладиниот договор за амандман/анекс на Договорот за набавка на ЛОВ е доделен и склучен.

3. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш по потпишувањето на амандманот/анексот на Договорот, да изврши уплата на договорените финансиски средства од Буџетот на Министерството за одбрана за 2021 година во висина од 360.000.000 денари до Владата на Соединетите Американски Држави.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, ја усвои Информацијата и заклучи:

- Се задолжува Министерството за одбрана да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Законот за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог на Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 214/2019) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Донесе Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, која предлагачот ќе ја усогласи согласно расправата на седницата на Владата.

Истовремено, Владата заклучи на наредната седница на Владата, која ќе се одржи на 30 декември 2021 година (четврток), да се разгледа Предлог – одлуката за измена на распоредот на средствата од преостанатите средства на потпрограмите Д5, Д7 и Д9, кои ќе се трансферираат на потпрограмата П1, врз основа на која ќе се донесат дополнителни одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, за Железници на Република Северна Македонија- Транспорт АД-Скопје, Спортски центар „Борис Трајковски“, Друштво фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. и Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“-Скопје и одобрување на динамика на плаќање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 година, 2023 година и 2024 година на Министерството за здравство за Проектот за реконструкција и доградба на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје и одобрување на динамика на плаќање:

- 26.020.000 денари со ДДВ за 2022 година,
- 20.000.000 денари со ДДВ за 2023 година и
- 22.850.000 денари со ДДВ за 2024 година.

Средствата се обезбедени од програма 1А буџетска сметка на Министерство за здравство 637 во рамките на одобрениот буџет за 2022 година.

2. Се задолжуваат Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реновирање на КАРИЛ-Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување и ја усвои со следните заклучоци:
1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2022, 2023 и 2024 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 84.500.000 денари со вклучен ДДВ, за изведба и надзор со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџетот на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:

- 30.500.000,00 денари за 2022 година
- 33.000.000,00 денари за 2023 година и
- 21.000.000,00 денари за 2024 година

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2022, 2023 и 2024 година.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишно плаќање на јавна набавка на работи за реализација на проектот адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на нова динамика на плаќање и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 година, 2023 година и 2024 година на Министерството за здравство за проектот Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево со вклучена изведба и надзор во вкупна вредност од 150.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија и сопствени средства на Министерство за здравство, програма 1А:

- 38.000.000,00 денари во 2022 година - сметка буџет - 637
- 38.000.000,00 денари во 2023 година - сметка буџет - 637
- 30.000.000,00 денари во 2023 година - сметка сопствена- 787
- 14.000.000,00 денари во 2024 година - сметка буџет- 637
- 30.000.000,00 денари во 2024 година - сметка сопствена - 787

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 83**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за доставување на Проект за основање на нова единица „Факултет за здравствени науки“ при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високото образование, доставен од страна на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, за наредната седница на Владата (четврток, 30 декември 2021 година), поради потребата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и да се обезбеди банкарска гаранција.

**Точка 84**

Владата го разгледа Материјалот во врска со реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Дамко енерџи С.А. бр. 08-1318/1 од 31.3.2021 година и Меморандум за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. бр. 08-1317/1 од 31.3.2021 година, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го определи Министерството за економија како надлежен орган кој ќе биде задолжен за реализација и следење на овие и сите други идни договори кои ќе произлезат од склучените меморандуми за разбирање со Дамко енерџи С.А. и Гастрејд С.А.

2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост да ги надомести на АД ЕСМ,Скопје сите потенцијални идни финансиски загуби кои се однесуваат на реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД ЕСМ,Скопје и Гастрејд С.А.

3. Се задолжуваат АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги склучи потребните договори за реализација на меморандумите за разбирање, доколку договорните страни Дамко енерџи С.А. и Гастрејд С.А се согласат со предложениот текст на договорите без приговор.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект, во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година и условно ја донесе Програмата доколку предлагачот текстот на истата го усогласи со Секретаријатот за законодавство и обезбеди мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности и ја донесе Уредбата, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 88**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година за седницата на Владата што ќе се одржи на 30 декември 2021 година, поради потребата Министерството за економија и Министерството за труд и социјална политика да ги усогласат ставовите за истата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**